## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ, СРЕДСТВА, ПРОИЗВОДИ, РАСТЕНИЈА И РИБИ, КАКО И ЦЕНАТА НА ОДЗЕМЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ, СРЕДСТВА, ПРОИЗВОДИ, РАСТЕНИЈА И РИБИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на потврда за привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби, како и цената на одземените предмети, средства, производи, растенија и риби кои се предмет на продажба.

### Член 2

Образецот на потврдата од член 1 на овој правилник е со формат А4 и е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Цената на привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби како и цената на одземените предмети, средства, производи, растенија и риби кои се предмет на продажба е за 30 % помала од нивната големо продажна цена на пазарот.

### Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на потврдата за привремено одземени растенија, производи и предмети („Службен весник на Република Македонија“ бр. 73/04).

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Министер за земјоделство,

јуни 2009 година — шумарство и водостопанство,

Скопје — Ацо Спасеноски, с.р.

ПРИЛОГ
Образец

Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**Државен инспекторат за земјоделство**
**Бр. 10-______________**
**_________ 20___ година**
**Скопје**

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/09) на ______________________________________________
со седиште во __________________ на ул. ______________________________________________
бр.________ се издава

**П О Т В Р Д А**
**За привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби**

Државниот инспектор за земјоделство / државниот фитосанитарен инспектор ________________________
____________________________________________________________________________________
____________ на ден ___________ 20_____ година во _______ часот привремено ги одзеде следните предмети:

| **Ред. бр.** | **Назив на предмети, средства, производи, растенија и риби** | **Број на пак.** | **Ед. мера на пак.** | **Вкупна количина во кг./ л /бр.** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Заклучно со реден број _____ со букви_____________________________________________
горенаведените предмети, средства, производи, растенија, риби привремено се оземаат и се предмет на прекршок по Законот за Државниот инспекторат за земјоделство (Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09) и Законот за ____________________________________________
(„Службен весник на Република Македонија" бр.____) и истите ќе се предадат на Основниот суд _________ или на Прекршочна комисија на Државниот инспекторат за земјоделство ________________

Горенаведените предмети, средства, производи, растенија и риби се одземени од лицето
______________________________

Инспектор
1.____________________________
2.____________________________
3.____________________________

Горенаведените предмети се предаваат на Прекршочна комисија на Државниот инспекторат за земјоделство или на Основниот суд ______________________________________________
на ден ________ 20_____ година.

**ПРИМИЛ** ______________________________

**ПРЕДАЛ** ______________________________